

# ПРОТОКОЛИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПРИ СОРАБОТКА

**ПОМЕЃУ**
**ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТРИ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**И ЗДРУЖЕНИЕТО НА ГРАЃАНИ СОС ДЕТСКО СЕЛО МАКЕДОНИЈА**

СОС ДЕТСКО СЕЛО МАКЕДОНИЈА

ЈУ ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ

# ПРОТОКОЛИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПРИ СОРАБОТКА

**ПОМЕЃУ**

## ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТРИ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**И**

## ЗДРУЖЕНИЕТО НА ГРАЃАНИ СОС ДЕТСКО СЕЛО МАКЕДОНИЈА

СОС ДЕТСКО СЕЛО МАКЕДОНИЈА

ЈУ ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ

## СОДРЖИНА


Вовед ....................................................................................................................3

1. Цел на протоколот ......................................................................................................6

2. Законска рамка ..........................................................................................................6

3. Надлежности на вклучените страни
во системот на социјална заштита во Република Македонија ..................................8

3.1. Надлежности на Министерство за труд
и социјална политика ..........................................................................................8

3.2. Надлежности на Завод за социјални дејности-Скопје ............................................9

3.3. Надлежности на Центарот за социјална работа .................................................. 10

3.4. Надлежности на СОС Детско Село Македонија ....................................................11

4. Чекори на постапување во соработка со ПУ,, СОС ДЕТСКО СЕЛО СКОПЈЕ,,
(програма за згрижување на деца во СОС семејства) .......................................... 12

5. Чекори на постапување во соработка со СОС Детско Село Македонија(програма за социјална превенција на деца во ризик да ја изгубат грижата од родителите) ................................................. 17

## Почитувани,



Секое дете има право да расте во грижливо семејство коешто ќе му овозможи правилен развој. Сепак има многу причини поради кои некои деца не може да живеат покрај своите родители или во потесното семејство. Не навлегувајќи во причините ќе констатираме дека само во семеен дом детето може да почувствува дека припаѓа некаде. Токму затоа, ние како држава сме тука да се грижиме за децата без родители и родителска грижа и го правиме тоа континуирано години наназад обезбедувајќи им алтернативен дом, односно, обезбедувајќи им семејство што ќе ги згрижи!

И бидејќи наш приоритет е превенцијата за деца во ризик и социјалната заштита на децата без родителска грижа, Министерството за труд и социјална политика во соработка со Заводот за социјални дејности сметаше дека е потребно поблиску да ги  дефинира и определи процедурите за постапување помеѓу надлежните институции.

Имено, се изготви Протоколот за постапување при соработка меѓу центрите за социјална работа и  СОС ,,Детско село,, Скопје со кој се дефинираше и се постави стандард кој опфаќа административни чекори за постапување со цел координиран одговор на инволвираните страни преку преземање на превентивни и куративни мерки за спречување на запоставувањето на деца. Ова од причини што во СОС,, Детско село,, препознавме ресурс кој даваше, дава и натаму ќе дава поддршка на децата без родителска грижа.

Протоколот се темели на законски и подзаконски акти, меѓународни стандарди и практики во дистрибуција и раководење со социјалните мерки, како и на обврските предвидени во “Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија 2010 – 2020“.

,,Протоколот за постапување по случаи на социјална заштита на деца без родителска грижа и социјална превенција за деца во ризик да ја изгубат грижата на родителите,, наидува на целосна поддршка од Владата на Република Македонија, Министерството за труд и социјална политика и Заводот за социјални дејности, за кои социјалната заштита на деца без родителска грижа и социјалната превенција претставува еден од основните приоритети за делување во идниот период. Со практичната примена на овој Протокол ќе се акцентираат две фундаментални вредности: професионализмот и етиката на лицата одговорни за спроведување на законите.

Искрено се надевам дека Протоколот претставува уште една потврда за нашите заложби во Република Македонија да воспоставиме еден координиран систем на социјална заштита на деца без родителска грижа и социјална превенција за деца во ризик да ја изгубат грижата на родителите, и дека ќе биде полезен и практично применлив за сите професионални структури кои третираат прашања од оваа област.

Со почит,

**Спиро Ристовски**

**Министер за труд и социјална политика**



СОС Детско село Македонија, со нејзиното основање, ја презеде одговорноста за унапредување на социјалната заштита во Р. Македонија преку имплементација на програми за грижа на деца кои останале без родители и родителска грижа. Во своето десетгодишно постоење, СОС Детско село Македонија имплементираше бројни политики и стандарди кои директно влијаеја на подобрувањето на имплементацијата на детските права и придонесоа во подобрувањето на резултати поврзани со физичкото здравје, емоционалната стабилност и социјалната вклученост на децата во македонското општеството.

Истотака, преку нашите превентивни програми влијаеме на зачувување на биолошкото семејството а преку нашите заштитни програми, осигуруваме дека оние кои останале без родителска грижа добиваат топол дом и љубов. Ние работиме во духот на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето, ги почитуваме различните религии и култури, и работиме во заедниците каде што нашата мисија може да придонесе за нивниот развој.

**НАШАТА ВИЗИЈА:**

„СЕКОЕ ДЕТЕ МУ ПРИПАЃА НА СЕМЕЈСТВОТО И РАСТЕ СО ЉУБОВ, ПОЧИТ И БЕЗБЕДНОСТ“

Семејството е срцето на општеството. Во рамките на семејството секое дете е заштитено и ужива чувство на припадност.

Тука, децата учат вредности, споделуваат одговорности и формираат долгорочни односи. Семејната животната средина им дава солидна основа врз која ги градат своите животи. Преку љубов и прифаќање, емоционалните рани се исцелуваат а довербата помеѓу децата и возрасните се зајакнува. Децата учат да веруваат во себе и другите. Со оваа самодоверба секое дете може да се препознае и да ги исполни неговите или нејзините потенцијали.
Гласот на секое дете се слуша и се зема сериозно. Децата учествуваат во донесувањето на одлуките кои влијаат на нивните животи и се водени да преземат водечка улога во нивниот сопствен развој. Децата растат со почит и достоинство како рамноправен член на неговото или нејзиното семејство и на општеството.Децата се заштитени од злоупотреба, занемарување и експлоатација. Децата имаат засолниште, храна, здравствената заштита и образованието. Овие се основните барања за здрав развој на сите деца.

**НАША МИСИЈА:**

„ПОДДРЖУВАМЕ СЕМЕЈСТВА ЗА ДЕЦА ВО РИЗИК, ИМ ПОМАГАМЕ ДА ЈА КРЕИРААТ СВОЈАТА СОПСТВЕНА ИДНИНА И СПОДЕЛУВАМЕ ВО РАЗВОЈОТ НА НИВНИТЕ ЗАЕДНИЦИ“

Секое дете има родител и расте во природна средина со браќа и сестри во сопствена куќа во рамките на поддржувачка семејна средина. На децата им помагаме да ја креираат својата сопствена иднина. Им овозможуваме на децата да живеат во согласност со сопствената култура и религија, и да бидат активни членови на заедницата.

**Основните области на дејствување на нашата организација се:**

- **Директни основни услуги** за поддршка на децата за физички, емоционален и социјален развој.
- **Градење на капацитетите** на старателите, семејства, заедници и други носители на должност и даватели на услуги за ефикасно и ефективно да одговорат на потребите на децата. (на пример, обуки за родителски вештини, комуникациски вештини, ненасилно разрешување на конфликти, финансиската одржливост, пристап на пазарот на трудот, самовработување итн.)
- **Застапување и лобирање** за подобрување на целокупните рамковни услови на нашата целна група.

За успешен одговор на потребите на целната група, неопходно е здружување на сите расположливи ресурси во заедниците каде сме присутни, особено со државните и јавни установи, кои како носители на одговорности, имаат обврска одговорно да делуваат во развојот на социјалната, здравствената и емоционалната благосостојба на децата и нивните родители. Од тие причини, сметаме дека воспоставувањето на административна соработка е неопходна за да осигури адекватен, квалитетен и навремен одговор на предизвиците во имплементацијата на детските и човековите права во нашето општество.

**Со почит**
**Извршен Директор**
**Јулијана Гапо**

## 1. Цели на протоколот

Координирана професионална соработка помеѓу јавните установи Центри за социјална работа во Р. Македонија и здружението на граѓани СОС Детско село Македонија, надлежни за спроведување на мерките од социјална заштита во процесот на згрижување на деца без родителска грижа и социјална превенција за деца во ризик да ја изгубат грижата на родителите.

## 2. Законска регулатива

Република Македонија преку своето законодавство вклучувајќи ги и одредбите на Конвенцијата за правата на детето и други релевантни меѓународни документи, обезбедува посебна заштита и поддршка на семејство, предвидувајќи услови за почитување на најдобриот интерес на детето согласно неговите потенцијали и потреби во сите сфери на неговиот раст и развој (образование, здравје и социјална заштита), како и правото на детето на семејство. Тргнувајќи од овие определби, државата обезбедува услови за развој и општата благосостојба на детето во неговото семејство и правото на детето да живее со своите родители, освен кога тоа не ја гарантира неговата сигурност и безбедност. Во тие околности, грижата и гарантирањето на правата на детето ја презема државата.

Тргнувајќи од основните човекови права гарантирани со Уставот на Република Македонија, вклучително и правата на детето, државата се залага за унапредување на заштитата на децата и достигнување на европските стандарди на грижа, притоа, посебен акцент се става на развој на форми на социјална превенција и заштита на локално ниво.

Република Македонија како социјална држава е должна да се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно уставното начело за социјална праведност.

Државата предвидува посебна заштита за семејството и децата, со нагласен акцент на заштитата на децата без родители и родителска грижа, како и на децата во ризик да останат без родителска грижа.

Според законодавството во Р. Македонија, статус на дете без родители и родителска грижа има дете чии родители не се живи, кои се исчезнати, непознати или се со непознато живеалиште повеќе од една година и дете чии родители без оглед на причините привремено или трајно не ги извршуваат своите родителски права и должности.

Во системот на социјалната заштита, заштитата на децата без родителска грижа се остварува низ повеќе форми: ставање под старателство, посвојување, сместување во згрижувачко семејство, сместување во социјална институција.

Во Р. Македонија во актуелниот период бројот и видот на постојните форми на вонинституционална заштита не ги задоволува потребите на децата изложени на социјални ризици, што укажува на потребата од развој на постојните и воведување на нови форми за социјална заштита.
Нормативната основа на заштита на децата е регулирана со важечките закони и подзаконски акти во РМ:

- Закон за социјална заштита
- Закон за семејство
- Закон за заштита на децата
- Закон за локална самоуправа
- Закон за малолетничка правда
- Подзаконски акти

Владата на Република Македонија преку ресорното Министерство за труд и социјална политика и подготвувањето на соодветни стратегии и планови за акција, перманентно води грижа за обезбедување услови за сеопфатна превенција и заштита на граѓаните изложени на социјален ризик, особено на децата со воведување на нови услуги и права за нивна заштита.
Актуелни процеси во оваа насока во кои се вложува се процесите на *децентрализација* и *деинституционализација*, односно трансформација на установите и намалување на бројот на децата во истите, преку отворање на дневни форми за грижа во локалната заедница (дневни центри за деца со интелектуална и телесна попреченост, дневни центри за деца на улица,

дневни центри за лица жртви на семејно насилство), како и поддршка на иницијативите за нивно отворање на локално ниво, односно стимулирање на воспоставување на компактност и компатибилност од аспект на процесите и нивната динамика.

Со мерките и активностите на социјална превенција се спречува настанување на социјални ризици, се врши рано откривање и ран третман на граѓанинот изложен на социјален ризик, со цел за надминување или ублажување на штетните последици од изложеноста на социјален ризик.

За остварување на социјалната превенција, се преземаат мерки за спречување на настанување на социјален ризик за граѓанинот, семејството или група на луѓе, особено преку едукативно-советувалишна работа, развивање на формите на самопомош, волонтерска работа со лично ангажирање и примена на други методи кои соодветствуваат на потребите на корисниците на социјалната заштита.

Реализацијата на мерките и активностите од социјална превенција се остварува во ЈУ Центри за социјална работа во соработка со општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје, предучилишните, училишните, здравствените установи и другите државни тела и органи, правни и физички лица и здруженија на граѓани.

Актуелни владини стратегии се:

- Обезбедување на плурализам во давањето на услуги, преку партнерство со: приватни даватели на услуги, невладини организации, физички лица, бизнис секторот, волонтери и др.;
- Социјална инклузија на групите социјално исклучени лица;
- Развивање на нови форми на вонинституционална заштита (мали групни домови, станбени заедници за самостојно живеење со поддршка, мобилни тимови за поддршка на биолошките и згрижувачките семејства);
- Збогатување на мрежата на постојните форми на вонинституционална заштита преку нивна специјализација за одредени видови на корисници (згрижувачки семејства, дневни центри).

Со актуелните законски прописи се подигнува нивото на социјална заштита на децата преку:

- воведување на нови парични бенефиции, т.е. условени парични трансфери наменети за корисниците на социјална парична помош, кои овие категории на граѓани ќе можат да ги остваруваат доколку исполнуваат одредени услови (овозможување школување на нивните деца);
- социјални пакети за сиромашни семејства – мерки за субвенционирање на потрошувачката на енергијата;

- активни политики за вработување;
- поддршка на семејството – определена и како стратешки приоритет на РМ, (преку воведување на правото родителски додаток и право на парична помош на мајка која родила четврто живородено дете.

Во сферата на образованието, повисокото ниво на вклученост на децата се постигнува преку законски регулираното задолжително основно и средно образование, бесплатни книги и превоз на учениците, со што е овозможено вклучување на сите деца во образовниот систем.

## 3. Надлежности на вклучените страни во системот на социјална заштита во Р Македонија

### *1.1. Надлежности на МТСП*

Органите на државната управа се дел од извршната власт на државата и се основаат во области и подрачја кои се значајни за функционирање на државата и за ефикасно остварување на правата и должностите на граѓаните и правните лица.
Органите на управата, во рамките на своите надлежности, се должни на на граѓаните да им обезбедат ефикасно и законито остварување на нивните со устав и закон загарантирани слободи и права, како и заштита на

нивните интереси.

Тие работат по начелата на законитост, одговорност, ефикасност, транспарентност, еднаквост и предвидливост.

Министерството за труд и социјална политика, во рамките на своите со закон утврдени надлежности врши работи кои се однесуваат на суштинските права на граѓаните:

- правните односи во бракот, семејството и во вонбрачната заедница;
- односите помеѓу родителите и децата, старателството и посвојувањето;
- правните односи во семејното насилство;
- заштита на лицата со пречки во развој;
- заштита на младината и жените;
- работните односи, вработувањето и вработеноста;
- заштита на работниците при работење;
- материјално обезбедување на привремено невработените;
- плати и животен стандард;
- социјална политика;
- пензиско и инвалидско осигурување;
- хумана популациона политика заради усогласен економски развој;
- унапредување на рамноправност помеѓу половите;
- заштита на цивилните инвалиди од војната;
- заштита на борците од Антифашистичката војна и од сите национално ослободителни војни на Македонија, на воените инвалиди,

на прогонуваните и затворените за идеите за самостојност на македонскиот народ и државност, како и членовите на нивните семејства кои немаат можност за материјална и социјална егзистенција;

- врши надзор над законитоста на работењето на установите од областа на социјалната заштита;
- врши инспекциски надзор на работењето на установите од областа на социјалната заштита и
- врши други работи утврдени со закон.
- Во состав на Министерството за труд и социјална политика се и:
- Управата за прашања на борците и воените инвалиди и
- Државниот инспекторат на трудот;

Во остварувањето на политиките, Министерството донесува стратешки документи , планови и програми.

### *1.2. Надлежности на ЈУ Завод за социјални дејности - Скопје*

Установата е основана во 1961 година, од страна на Извршниот совет на собранието на Република Македонија, како „Републички Завод за социјални прашања». Од 1998 година во јавноста се препознава и функционира под името „ЈУ Завод за социјални дејности - Скопје».

Заводот за социјални дејности е установа од јавен карактер во системот на социјалната заштита која ги:

- следи и проучува социјалните појави и проблеми и ги унапредува социјалните дејности;
- предлага и спроведува мерки за унапредување на социјалната заштита и социјалната работа;
- укажува стручна помош на установите за социјална заштита и на стручните работници;
- дава стручно мислење при изработува на програми за развој на социјалната заштита;
- изработува стандарди и нормативи за работа на кадрите на установите за социјална заштита;
- изготвува методолошки упатства за работа на стручните лица во установите за социјална заштита;
- организира и спроведува облици на едукација на стручните работници во областа на социјалната заштита;
- врши надзор над стручната работа на установите за социјална заштита и вработените;
- дава и одзема лиценци за работа на стручните лица во установите за социјална заштита;
- води регистар на издадени и одземени лиценци:
- спроведува континуирана едукација на стручните лица во постапката за давање на лиценци;
- врши статистичка обработка на податоците

од евиденцијата што ја водат установите на социјална заштита;

- спроведува издавачка дејност;
- остварува стручно научна соработка со поединци и институции во земјата и странство;
- Континуирано соработува со Министерството за труд и социјална политика , институции од социјалната заштита, министерства и владини институции, општини и институции на локално ниво, образовни и академски институции, странски претставништва и амбасади, домашни и странски невладини институции и здруженија на граѓани, агенции на Обединетите Нации, СОС Детско Село Македонија и сл.

ЈУ Завод за социјални дејности-Скопје преку истражување на социјалните појави и проблеми и промовирање нови пристапи има за цел подигнување на капацитетите на стручните работници во системот на социјална заштита и квалитетот на социјалните услуги кон граѓаните.

ЈУ Завод за социјални дејности следејќи ги стратегиите и политиките континуирано работи за осовременување и усовршување на социјалните услуги на две нивоа

- непосредно континуиран професионален развој и
- посредно најдобар интерес на детето

*1.3. Надлежности на Центар за социјална работа*

Центарот е јавна установа за социјална заштита со јавни овластувања, кој се основа под услови определени во Законот за социјална заштита заради вршење на работите од социјалната заштита

Од делокругот на јавните овластувања центарот ги врши следниве работи:

- решава за правата од социјална и детска заштита и за права од Законот за азил и привремена заштита;
- решава за работите утврдени со семејно-правните прописи;
- постапува по работите од својата надлежност утврдени со кривично-правните прописи;
- води евиденција и прибира документација за корисниците на социјалната и семејно-правната заштита за применетите облици на социјална заштита.

При спроведувањето на социјалната заштита, како и стручната работа, центарот:

- открива, следи и проучува социјални појави и проблеми;
- врши непосреден увид заради утврдување на фактичката состојба на лицето или семејството;

- поттикнува и презема превентивни дејствија во спречување и отстранување на причините за настанување на положба од социјален ризик;
- изготвува планови и програми за социјална заштита;
- применува и спроведува соодветни облици и форми на социјална заштита и непосредно помага на граѓанин или семејство;
- развива и спроведува вонинституционални облици на социјална заштита;
- поднесува извештај до Министерството за работите од својот делокруг;
- применува и спроведува програми и други општи акти од областа на социјалната заштита, донесени и финансирани од општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје;
- поттикнува, организира и координира волонтерски активности на граѓани, нивни здруженија, хуманитарни организации, организации во спроведување на програми за социјална заштита на подрачјето на општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје.

Во остварувањето на своите функции стручните работници во центарот применуваат форми на стручна, советодавна, советувалишна и интердисциплинарна тимска работа и работат со граѓанин (дете, адолесцент, возрасно лице) и семејство и група на граѓани.

Работејќи со граѓанинот и семејството, центарот помага во разрешувањето на животните тешкотии и проблеми во индивидуалното живеење партнерските односи, предбрачните и брачните односи, односите родители и деца, укажува помош на семејството во остварувањето на неговата заштитна, воспитна и репродуктивна функција, поттикнува сакано и одговорно родителство и планирање на семејството, заштита на лица-жртви на семејно насилство и жртви на трговија со луѓе, дава други советодавни и советувалишни услуги за прашања од значење за развојот и социјализацијата на личноста и остварувањето и унапредувањето на односите во семејството.

Функциите утврдени во овој закон и други прописи, центарот ги врши со

формите на стручна, советодавна, советувалишна и интердисциплинарна тимска работа. Стручната работа во центарот ја спроведуваат социјални работници, психолози, педагози, правници, дефектолози, социолози кои низ интер-дисциплинарна тимска работа даваат услуги на разни категории на граѓани изложени на социјален ризик.

### *1.4. Надлежности на СОС Детско село Македонија*

СОС Детско село Македонија претставува здружение на граѓани кое работи на развој на социјални програми за поддршка на деца и семејства во Р. Македонија преку:

- застапување при остварување на детски и човекови права;
- згрижување на деца без родителска грижа во СОС семејства;
- згрижување на младинци и поддршка на младинци преку програми за грижа на младинци;
- поддржува младинци кои навршиле 18 години во процес на нивно осамостојување за независен живот;
- развива и спроведува програми за превенција од губење на родителската грижа на деца од примарни/биолошки семејства;
- учествува во развој на општествените заедници за социјална одговорност и
- учествува во развојот на системот на социјална превенција и социјална заштита во Р. Македонија.



# ЧЕКОРИ НА ПОСТАПУВАЊЕ

# ВО СОРАБОТКАТА ПОМЕЃУ ЦЕНТРИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ВО Р. МАКЕДОНИЈА

# И

# ПУ СОС ДЕТСКО СЕЛО СКОПЈЕ

Програма за згрижување на деца без родители
и родителска грижа во рамките
на СОС семејства

**Водечки принципи:**

Стандардните процедури за постапување ги следат и ги почитуваат принципите  кои се однесуваат на квалитетна социјална заштита и социјални услуги, како и основните принципи кои се однесуваат на правата и заштита на детето:

- Најдобар интерес на детето
- Право на детето на живот, опстанок и развој
- Право на детето на семејство
- Право на информираност на детето за сите состојби и дејствија кои го засегаат
- Право на учество на детето
- Почитување на човековото достоинство и фундаменталните права
- Недискриминација
- Транспарентност и отчетност
- Постигнување на очекувани резултати
- Услуги прилагодени за секој поединец посебно (индивидуален пристап кон услугата)
- Осигурување безбедност за сите корисници, вклучувајќи ги и најранливите
- Активна позиција и учество на корисниците и нивно оспособување сами да носат одлуки
- Континуиран и Холистички приод
- Партнерство со заедницата и други учесници
- Услуги обезбедени од обучени професионалци

**I Фаза – Пријавување и евиденција на корисникот во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа**

- Стручен работник/тим од центарот за социјална работа разговара со лицето кое поднесува барање за сместување на корисник за ризикот и потребата.
- Стручен работник/тим од центарот за социјална работа го евидентира корисникот (пополнува лист за идентификациски податоци за корисникот, лист за домаќинство и лист за ризикот).

**Документи кои треба да се достават од страна на барателот**

- Барање за сместување на корисник
- Обезбедување на лична документација за корисникот
  - извод на родени
  - државјанство
  - здравствена легитимација
  - лекарска документација
  - ученичка документација
  - други документи за корисникот

**II Фаза – Определување форма на заштита**

- Стручниот тим врши увид во документацијата.
- Стручниот тим врши увид во семејството.
- Стручниот тим врши проценка и определува форма на заштита.

**Потребна стручна документација што ја изготвува стручниот тим од Центар за социјална работа**

- Записник од увид во семејството.
- Наод и мислење на стручен работник за ставање под старателство.
- Наод и мислење на стручен тим за ставање под старателство.
- Наод и мислење на стручен работник за сместување во установа.
- Наод и мислење на стручен тим за сместување во установа.
- Решение за ставање под старателство.
- Решение за сместување во установа.
- План за индивидуална работа со корисник.

**III Фаза – Сместување на корисник во ПУ СОС Детско село Скопје**

**Подготовка за сместување**

- Доставување на барање за прием на корисник во ПУ СОС Детско село Скопје.
- Доставување на наод и мислење на стручен тим од Центар за социјална работа и план за индивидуална работа со корисник.
- Разгледување на писменото барање за прием на корисник, наодот и мислењето и планот за индивидуална работа со корисник од страна на комисијата за прием при ПУ СОС Детско село Скопје.

- Доколку барањето не е во согласност со критериумите за прием во ПУ СОС Детско село Скопје, во рок од 48 часа писмено се информира надлежниот Центар за социјална работа дека се одбива барањето.
- Доколку барањето не е одбиено, во рок од 5 дена ПУ СОС Детско село Скопје свикува средба на заедничка комисија со надлежниот Центар за социјална работа која треба да трае по 60 минути за случај.
- На средбата на заедничката комисија, инволвираните страни соработуваат користејќи ги нивните поединечни знаења, примаат и разменуваат релевантни информации и донесуваат конечна одлука дали ќе се прими корисникот. Доколку одлуката е позитивна се договараат одговорностите на вклучените страни при сместувањето на корисникот и ПУ СОС Детско село Скопје презема одговорност во рок од 48 часа одлуката во писмена форма да ја испрати до надлежниот Центар за социјална работа.
- По добивањето на одлуката во писмена форма од страна на ПУ СОС Детско село Скопје, во рок од 48 часа надлежниот Центар за социјална работа има обврска да достави до ПУ СОС Детско село Скопје целосна документација за случајот:
  - Решение за сместување на корисник во ПУ СОС Детско село Скопје

- Решение за старателство
- План за индивидуална работа со корисник
- Оригинален извод од матична книга на родени
- Оригинален документ за државјанство
- Лекарски извештај за здравствената состојба (*не постаро од 6 месеци.*)
- Здравствена легитимација и сини картони
- Ученичка книшка (*доколку детето ја има*)
- Преведница од училиштето од каде доаѓа
- Свидетелства за претходно завршени одделенија
- Пасош (*доколку детето го има*)

**Сместување**

*Активности на стручниот тим од Центар за социјална работа и ПУ СОС Детско село Скопје*

- Подготовка на корисникот за сместување (согласно возраста и психофизичкиот развој). Детето соодветно се информира за неговата ситуација и се поттикнува да го искаже своето мислење и да учествува во овој процес според неговото ниво на разбирање. Згрижувањето во СОС семејството е постепено и да предизвика што е можно помали нарушувања.
- Записник за приемот на корисникот во СОС семејството.

**IV Фаза – Следење на сместувањето**

- Во период од 1 месец по сместување на дете во СОС семејство, тим од ПУ СОС Детско село Скопје заедно со старателот изработуваат акционен план за адаптација на детето.
- По 6 месеци од прием на дете се изработува индивидуален развоен план за детето од страна на ПУ СОС Детско село Скопје со учество на старателот (Детето се информира за неговата ситуација, и се поттикнува да го искаже своето мислење и да учествува во овој процес според неговото ниво на разбирање).
- Индивидуалниот развоен план на детето годишно се евалуира.
- ПУ СОС Детско село Скопје води листи за следење на сместувањето на корисникот.
- Најмалку еднаш месечно постои реферирање помеѓу ПУ СОС Детско село Скопје и надлежниот Центар за социјална работа за статусот на детето.
- ПУ СОС Детско село Скопје два пати годишно писмено го известува старателот за развојот на детето.
- Старателот го посетува детето во СОС семејството најмалку три пати годишно.
- Планот за индивидуална работа со корисник изработен од страна на надлежниот Центар за социјална работа, годишно се евалуира.

**V Фаза – Промена на формата на грижа и престанок на сместувањето**

*Активности на стручниот тим од Центар за социјална работа и тим од ПУ СОС Детско село Скопје*

- Доколку во заемното информирање и соработка се увиди потреба за промена на обликот на грижа, се свикува состанок на заедничка комисија која треба да одлучи по прашањето.
- Заедничката комисија донесува одлука дали ќе се промени формата на грижа.
- Заедничката комисија доколку одлучи за промена на грижата, изработува акционен план за процесот на промена на грижа и ги зема предвид главните принципи на протоколот.
- Со престанокот на грижа во СОС семејство, старателот ги презема сите неопходни активности за обезбедување на сите останати права на детето.
- Со стекнување на полнолетство, корисникот ги презема одговорностите за остварување на неговите права и може да биде поддржан од страна на ПУ СОС Детско село Скопје и/или надлежниот Центар за социјална работа.
- Изработка на Наод и мислење на стручен работник од надлежниот Центар за социјална работа за престанок на сместувањето.
- Изработка на Наод и мислење на стручен тим од надлежниот Центар за социјална работа за престанок на сместувањето.

- Изработка на Решение за престанок на сместувањето од надлежниот Центар за социјална работа согласно член 117 од Законот за социјална заштеда, најдоцна до шест месеци по завршувањето на средното образование.
- Изработка на Наод и мислење на стручен работник од надлежниот Центар за социјална работа за престанок на старателството.
- Изработка на Наод и мислење на стручен тим од надлежниот Центар за социјална работа за престанок на старателството.
- Изработка на Решение за престанок на старателство од надлежниот Центар за социјална работа.

**Мониторинг и евалуација**

Мониторингот и евалуацијата ги спроведува ЈУ Завод за социјални дејности Скопје и тоа преку:

- истражување, развој,анализи
- увиди
- координативни средби
- надзор над стручната работа

# ЧЕКОРИ НА ПОСТАПУВАЊЕ
# ВО СОРАБОТКАТА ПОМЕЃУ ЦЕНТРИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА И СОС ДЕТСКО СЕЛО МАКЕДОНИЈА

Програма за социјална превенција за деца кои се во ризик да ја изгубат родителската грижа

## Водечки принципи

Стандардните процедури за постапување ги следат и ги почитуваат принципите кои се однесуваат на квалитетна социјална заштита и социјални услуги, како и основните принципи кои се однесуваат на правата и заштита на детето:

- Најдобар интерес на детето
- Право на детето на живот, опстанок и развој
- Право на детето на семејство
- Право на информираност на детето за сите состојби и дејствија кои го засегаат
- Право на учество на детето
- Почитување на човековото достоинство и фундаменталните права
- Недискриминација
- Транспарентност и отчетност
- Постигнување на очекувани резултати
- Индивидуален пристап – услуги прилагодени на секој поединец
- Услуги прилагодени за секој поединец посебно (индивидуален пристап кон услугата)
- Обезбедување на дискреција и приватност на сите корисници, вклучувајќи ги и најранливите
- Рамноправно и активно учество на корисниците во донесување на одлуки и нивно оспособување сами да носат одлуки

- Континуиран и Холистички приод
- Партнерство со заедницата и други учесници
- Услуги обезбедени од обучени професионалци

**I Фаза – Идентификација на случај во ризик**

- Стручен работник од ЈУ Центар за социјална работа по службена должност или по лично барање прави идентификација на лицето и социјалниот ризик на кој тоа е изложено;
- Стручен работник од ЦСР самостојно или заедно со други стручни соработници врши проценка на состојбата и потребата од поддршка;
- Стручен работник од ЦСР изработува соодветна стручна документација.

**II Фаза – Препраќање на корисник**

- Центарот за социјална работа доставува писмено барање до превентивниот програм на СОС Детско село Македонија придружено со наод и мислење на стручен работник/тим и лична документација на корисникот со која располага;
- Тимот при превентивниот програм на СОС Детско село Македонија постапува по писменото барање и во рок од 48 часа писмено го информира Центарот за социјална работа за одлуката;

- Доколку барањето е прифатено, во рок од работни 5 дена СОС Детско село Македонија свикува заедничка средба со стручниот работник од Центар за социјална работа кој го води случајот, која не треба да трае подолго од 60 минути за случај;
- На заедничката средба, инволвираните страни соработуваат користејќи ги нивните поединечни знаења, примаат и разменуваат релевантни информации и ги договараат меѓусебните одговорности и наредните чекори кои се наведуваат во записник.

**III Фаза – Поддршка**

*Активности на тимот од превентивниот програм на СОС Детско село Македонија и стручниот тим од Центар за социјална работа*

- Во рок од 48 часа, Центарот за социјална работа го информира корисникот за прифаќањето во превентивниот програм и неговите права и обврски во процесот на поддршка;
- На првичната средба, тимот од превентивниот програм заедно со семејството се договараат и преземаат неопходни активности за регистрирање на корисникот/семејството за поддршка во превентивниот програм, согласно стандардите за водење на случај на СОС Организацијата;
- При крај на процесот на регистрација, одговорниот

соработник од превентивниот програм заедно со членовите на семејството изработува план за поддршка на семејството;

- Изработениот план за поддршка се потпишува од сите кои биле вклучени во неговата изработка;
- Вклучените страни добиваат копија од планот за поддршка со цел негово спроведување и следење на спроведувањето;
- Одговорниот од семејството и одговорниот соработник од превентивниот програм потпишуваат договор за взаемни права и одговорности за време на процесот на поддршка.

## IV Фаза – следење на процесот на поддршка

- Согласно планот за поддршка, тимот од превентивниот програм ги презема сите неопходни акции за отстранување на ризиците со кои се соочува семејството или намалување на нивното негативно влијание врз семејниот систем;
- Планот за поддршка на семејството во ризик се евалуира на секои три месеци;
- Доколку се увиди потреба од преземање на дополнителни мерки или промена на веќе постоечките поради промена на состојбите во семејството, се свикува вонредна средба на сите инволвирани страни и се прави план за надминување на состојбата.

- На секои три месеци СОС Детско село Македонија писмено го известува надлежниот Центар за социјална работа за процесот на поддршка на семејството.

**V Фаза – затворање на процесот на поддршка (самоодржливост на семејството)**

*Активности на стручниот тим од Центар за социјална работа и тим од превентивниот програм од СОС Детско село Македонија*

- Со исполнување на сите цели дефинирани во планот за поддршка, се смета дека ризиците се отстранети или е намалено нивното влијание со што семејството е во состојба да ја превземе самостојноста во функционирањето;
- Доколку целите во планот за поддршка не се исполнети во предвидениот рок од објективни причини, се прави повторна проценка на состојбата во семејството и се предложува продолжување на времетраењето на планот за поддршка или промена на некои мерки во планот најмногу до три години временски период;
- Доколку целите не се исполнети во предвидениот рок од субјективни причини на корисникот (*неодговорно однесување на родителите, неспроведување на дадените мерки и насоки, несоработка со тимот за поддршка, несоодветно*

*искористување на ресурсите кои се дадени на располагање на семејството во процес на поддршка или непридржување до одговорностите дефинирани во договорот за соработка*) писмено се известува одговорниот соработник од Центар за социјална работа за настанатата состојба во рок од 48 часа;

- Одговорниот соработник од Центар за социјална работа, по приемот на известувањето за прекинување на соработката, најкасно до 48 часа свикува средба на сите засегнати страни на која се разгледува настанатата состојба;
- Доколку постојат можности за надминување на настанатата состојба и враќање на соработката во процесот на поддршка на семејството, се прави записник од средбата и се изработува краткорочен план, во присуство на сите засегнати страни, за враќање на соработката;
- Доколку не е возможно да се врати соработката, се прави записник од средбата кој ќе биде основа за преземање на други мерки за заштита на децата во ризик од страна на надлежниот Центар за социјална работа согласно законот за семејство, законот за социјална заштита.

**Мониторинг и евалуација**

Мониторингот и евалуацијата ги спроведува ЈУ Завод за социјални дејности Скопје и тоа преку:

- истражување,развој,анализи
- увиди
- координативни средби
- надзор над стручната работа

Автори на документот :

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

1. Елена Лазовска

ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ

1. Татјана Ристова Димова-Директор
2. М-р Катица Кичукова Голубовска – Педагог
3. Весна Самојловска – Психолог
4. Соња Кипровска – Правник

СОС ДЕТСКО СЕЛО МАКЕДОНИЈА

1. Марио Јанчев – Директор за развој на програми
2. Филип Бабамов – Советник за семејно базирана грижа

Цел на документот : Дефинирање на стандарди за постпување при сместување, промена на форма на грижа и престанок на сместување на деца без родители и родителска грижа и поддршка на деца во ризик од губење на родителската грижа од биолошки семејства?

Дата на издавање : Февруари 2013

СОС ДЕТСКО СЕЛО МАКЕДОНИЈА

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

REPUBLIC OF MACEDONIA
MINISTRY OF LABOR AND SOCIAL POLICY

ЈУ ЗСД

ЈУ ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ